# ЈЕДРТ МАЛЕЗИЧ – ДВОЈНИ

(Excerpt in Macedonian)

Translated by Ivanka Apostolova Baskar
Contact of the translator: ivankaapostolova@gmail.com

**ЗЕМИ СИ**

Се пријавив бидејќи сум целосно убедена, дека само со личното искуство можеме да ги менуваме мислењата и предрасудите. Во *Жива библиотека* ми рекоа, дека нема проблем; по долгиот разговор ми рекоа дека на извесен начин би било штета, ако на списокот ме стават само како социјална работничка, а кога всушност сум нешто *многу извонредно.*

Мене искрено не ми делува така, затоа им одговорив, дека јас се викам Мина, работам со пијаници и наркомани, и дека секој ден се чувствувам како социјална работничка, и дека не сум некаква егзотика и дека не сакам да ме третираат како некакво крашко чудо од типот на гео-жлебови, длабнатинки и вдлабени издолжувања, туку јас сум и ќе бидам секојдневна појава.

Не носам и никогаш нема да носам брада, тоа навистина ми делува необично, им реков – јас не сум жена со брада. Кончита е единствена, но јас не сум Кончита. Но, затоа сум добра во својата работа, во работата со луѓе. Посебно со жените, жртви на насилство. Бидејќи очигледно е дека не ги интересираше ништо повеќе од мојата полова состојба меѓу нозете.

Леле, ме прашуваа за работи кои – ете, работи кои не ти паѓаат ни на ум - а за кои сите аргументи се на твоја страна, а кои се бесконечно банални и блесави, но токму во тој миг не знаев како да ги игнорирам. Ама, напишете *социјална работничка* и ќе функционира! Не сум никаков работни(к)-чка, не се чувствувам обезправдано, во мојот случај навистина нема потреба ништо да истакнувате*. Но, едно мора да ви биде јасно.* Што треба да ни биде јасно, што? Дека сум конструкт? Сите вие сте конструкти, полот е конструкт, но пред се' конструкција се и вашите идеи за тоа, и дека морате да ги предупредите луѓето за мојата придавка – транс. Јас сум жена, без разлика на категориите.

Додадов: постојано работам со луѓе, верувам во луѓето и нивната добронамерност, доколку некој, кој ќе биде мотивиран од описот „социјална работничка'', за дополнително да се препне на тоа дека (згора на се') имам петле меѓу нозете, и дека во својот матичен број сеуште се водам под машка евиденција 500, тогаш токму вас загарантирано, ќе ве повикам на помош. Се разбира дека тоа го мислев сосем

саркастично, но типот сепак ми го напиша својот приватен број;  за секој случај, *во случај некој член на Библиотеката да се покаже како силеџија, никогаш не се знае, ги има секакви.* Бев навредена. Сепак сум висока метар и осумдесет и седум, па да го видам јунакот, кој би се осмелил на тоа.

Како и да е, ме изнајмила постара госпоѓа, за две глави помала од мене.  Дека со големо задоволство работам со луѓе, ѝ објаснував одејќи попат, по оние ролатчињата на Плечниковото пазарче, каде што ѝ се посака да јаде телешка чорба. Па дека ме кани и мене и дека ако дојде некој да проси, дека таа ќе части. Ми делуваше љубезно, но воопшто не милосрдно. Вистина е дека торбичата силно си ја стискаше меѓу нозе, и постојано ја проверуваше дали е сеуште таму, така што си помислив дека има извесна доза на параноја.

Најпрвин ми рече: „Знаете, не сакам да навлегувам во тоа, но сепак, оние кои стојат пред Хофер... некогаш можат и тие да се претставаат. Сите ние за нив сме само банкомати, никој нема време да каже добро утро или како сте, да кажат како се викаат,  да ви посакаат среќен божиќ,  да не' прашаат што ќе ручаме денес и слични работи.''

Ја просветлив, кажувајќи ѝ дека официјалните кралеви на улиците, дека сите имаат лични карти, на кои што се испишани нивните лични податоци. Исто така ѝ открив дека повеќето луѓе не размислуваат така како неа, и дека немаат време, и дека е таа очигледно дел од тоа малцинство, на кој навистина ѝ е битен човечкиот контакт и дека тоа е за голема почит.

Рече: „Секој ме доживува само како добростоечка, но тоа не ми се допаѓа. Јас всушност немам ништо. Од мажот ја наследив пензијата 1600 евра и трошоците за комуналии, освен ако не го земам предвид фактот дека нашиоте стан е голем. Но ви велам, тие *не знаат да штедат*, тоа е проблемот.  Ако застанам пред Хофер, за два часа ќе добијам толку, колку што се добива за 60 години работен стаж на недела. Исплатливо!'' кажа и ми намигна.

„Ви велам, не ставаат ништо на страна. Тоа е причината.''

Добро, ѝ ја кажав вистината и емпирично знам, дека таа - сигурно е дека би добила повеќе, бидејќи е убаво облечена и не изгледа опасно, што ли да значи тоа, и дека на луѓето со предрасуди, а тоа се *сите* луѓе, бездомните не им изгледаат толку многу доверливо, затоа и им е потребна нашата помош.

„Ако ги видите тие нивни весници,'' замислено се загледа во далечината над маглата над Љубљаница, „што им ги наметнуваат тие хартии? За да се прават дека продаваат нешто, за тоа станува збор. Наместо да кажат: дајте ми, те молам, дај ми. Порано ќе те

замолат и имаш мир потоа. Денес сите сакаат да се некакви претприемачи кои сакаат да тргуваат со сенешто.''

Добив впечаток, дека ме позајмила од библиотека, само за да ме убеди во бесмисленоста на мојата професија. А тоа чувство не го сакам. Затоа, штом келнерот дојде да не праша за нова порачка, си се повлеков. „За мене една чорба, за неа еден ролат од малина со презла и бела чоколада,'' порача и набрзина го откачи.

„Поточно'', кренав два прста како на школо „за мене само една кисела вода, ви благодарам. Внимавам на линијата.''

„Зарем нема уште нешто да порачате'', изреагира, „вие пазете си на линијата во слободно време, со мене нема! Како реков? Ролатче со малина и бело чоколадо'', ја повтори порачката.

„Дали да донесам и кисела вода за господинот?,''му се испушти на келнерот.

Проклет заебан келнер, на проклетава чаршиска кафана, за првпат успеав да го погледнам во лице. Смотаниот Елвир од осмо Б. Да ти се стемни. Таа згмечена смеса од  мрсна мозочна маса, низ цело основно школување ме малтретираше. Ист е како тогаш.

Додека гледав во неговата ограничена појавност, Елвир ми намигна. Тоа во еден миг ме врати за 25 години назад во минатото. Секогаш кога ќе ми ја изедеше ужинката, *мојата* ужинка, ми намигнуваше потоа, како заедно да бркавме овци по тој негов босански рид. Истрошен беден мачо, и ништо друго.

Мора неприметно да се налутам, и да му покажам дискретно дека и двајцата знаеме дека е идиот, па му реков: „Моите именки се женски.'' Бидејќи не, нема глатко да си помине, поради тоа што ми се обрати како на машко. Бидејќи на извесен начин јас сум на работа; сцена не сакам да си предизвикам, но овој мрсул Елвир нема да дозволам да ме сопнува. Нека ги донесе прво чорбата и ролатчето, инаку радикално бинарно ќе го прегазам со својата шпицеста штикла. И тоа - не фигуративно.

„Госпоѓата сака два децилитри шприцер...'', старата ме погледна попреку, „и една боровница'', рече. Веднаш потоа се корегира: „ За секоја по една боровница. И тоа е се' , благодарам,'' исто како да го тресна со менито, кое Елвир смирено го врати назад на масата. Дали ми се причини, или ова лигаво буре и на мојата изнајмувачка ѝ оди на нерви? Не е баш на добро. Ако само за миг во кадар ти влезе силеџија од основно, намирисувам проблем. Едноставно ме умртви, како мојот мртов идентитет и мртвото име, кое го довикуваа низ класот моите учителки. Истите тие класни и учителки кои не успеаа да се договорат околу тужбата за насилство, за кое што секогаш одново ги потсетуваа моите родители, откако морав да им кажам зошто

повеќе не сакам да одам на училиште. *А толку добро му одеше школото*, се чудеа мама и тато.

Тој човек веќе не постои. Постојам само јас и сум чиста магија и кралица на овој курчев пазар, царувам над дегените, каков што е овој будала Елвир, и ќе ја фасцинирам бабичката, која радо би ја скратила помошта за најнемоќните. А сега тоа и тука, тоа сум јас. Си повторувам - *You are magic – own that shit (ти си магија, владеј со тоа гомно)*.

Реално не ја ни слушам што ми зборува, дека треба да се ишишам, дека крајчињата на мојата коса се расцветани и дека косата ми е предолга. Навистина? Луѓето доаѓаат во *Живата библиотека*, за да си позајмат личност, на која што потоа почнуваат да ѝ попуваат, како да се ишиша? Во кој ли космос, тоа би ги засегало? Не разбирам, зошто наместо прашања за мојата работа, мора да се соочам со литании за тоа како треба да живеам и како да изгледам.

Мојот ден започна во разидување со мојот оптимизам. Добро е што го имам приватниот број на координаторот на *Библиотеката*. Нема шанси работите да течат непречено.

Старата рече: „Го знаеш ли вицот?'', веќе почна да ми се обраќа со ти, што не ми се допадна. Потоа почна да тарабуња за тоа, како - клошарот кој не пие, е во изворот на смртта и дека не дише.

Не ми е познат вицот. Но ме збуни, тој курчев Елвир, приметувам дека навистина ме вознемири. Откако порачавме, повторно параноично се вртам кон вратата, како да сум мува која му влегла во нос. Не сум сигурна дали би ја прескокнала боровницата која не смеам да ја конзумирам поради хормонската терапијата, а сигурна сум дека клошарот ќе ми плукне внатре, и би побегнала од овој мачен состанок со стара десничарка, во кој се повеќе се чувствувам како статистка. Што ми требаше да се пријавам за човечка книга? Што ли сакав да постигнам со тоа? Сакав да ги едуцирам другите, а сега тие мене ме играат. Ништо не ме прашува, сите мене би ме едуцирале. Ќе се запишам на тренинг за толеранција во вонредни околности.

„Дали воопшто ме слушна?''рече старицата. „Не се насмеа, а дали разбра, дека единствено клошарот кој не пие е мртов клошар.''

Помислувам, дека постојат простор и време каде што е во ред да се биде непосреден.

„Госпоѓо,'' ѝ велам.

„Госпоѓо,'' и ја одмерувам со погледот. *Дали се исплати?*

„Госпоѓо,"и понатаму ме гледа прашално. „Дали некој ви рекол дека сте нетрпеливи кон лицата кои се поранливи од вас?"

На лицето ѝ се појави некаква милост, а тоа силно ме зачуди, бидејќи очекував револт. Потоа пополека ја отвори устата а од неа почна да се истура една чиста – би рекла машка – покровителска сила за подучување на оние кои поинаку размислуваат.

„Ете, гледате дека погрешно ме разбравте. Ништо страшно, не е реткост, се случува. Ќе објаснам така за да можете и вие да почувствувате во што е штосот. Не станува збор за тоа дека се тие ранливи... едноставно станува збор за ..."

„Па за што станува збор госпоѓо, сега вие објаснете ми, вие која цел живот сте издржувана сопруга. И?, за што станува збор, кажете ми? Кажете, еве чекам."

Повторно ѝ се појави некоја мекост, просто ѝ се дивам. Со каква леснотија одмавнува со раката, како да си знае, дека е вистина. Да напоменам дека таквата грациозност буквално ги одразува моите женски амбиции. Би сакала, навистина би сакала да сум ноншалантна како неа. Ниту е навредена, а се обидувам да ја испровоцирам. Сакам директна расправија.

„Сеуште си млада" покровителски ме потапна по бутот.

Во тој миг започна да снежи. На овој ветровит и студен ден. Навистина немам среќа. Ќе се довлечкам до *Библиотеката*, а кога е петок, често се случува на вакво време, и да не ми успее.

Елвир будалата на подлактот го донесе ролатчето, а во раката телешката чорба и боровницата. Кисела вода нема, па никогаш и не бил нешто посебно бистар, но беше доволно лукав, да знае да ја заборави најефтината порачка. Епа срце, си го потроши бакшишот.

„Благодарам," реков, толку колку што умеев да бидам понизна, „ тоа е се' ", при тоа се трудам да ги имитирам елеганцијата и ноншалантноста на жената покровител, која седи покрај мене.

Поточно, изненадена сум и ми станува јасно дека смотаниот Елвир всушност и нема поим која сум; тој повторно ми намигна. Сум се збунила, и сето ова всушност беше чисто а немило недоразбирање. Во мене повторно и пополека се всели оптимизам, додека ситното снежно росење не се претвори во поголеми парчиња снежни платна.

Старицата повторно покровителски го допре мојот бут, како да сакаше да ме потсети на нејзиното присуство. „Можеби не сум модерна, но затоа сум проникилива. Затоа и вас си ве позајмив. Ајде госпоѓице, кажете ми како тоа да не сте истоштени? Што ли

ве гони, да се влечете наоколу и да им помагате на луѓе, кои што самите се фрлиле во неволја?"

Кога ја погледнав налутено, го преобликува прашањето: „Што ви помага да испливате?", и намерно ме штипна за образот, како да сум нејзина сопственост.

Би можела со леснотија, да ја излажам, ама не го направив тоа. Никому не му дозволувам да навлегува во мојата интимност. Стара, го доби тоа што го сакаше.

„Еднаш во минатото, кога родителите и учителите ме воспитуваа како машко, видов, како жените се потценувани и кај привилегираните во општеството, каква што сте и вие. Кажете ми, дали би ви паднало на памет да го штипкате за лице и да го плескате по бутот, например ... и него?"

Намигнувам кон Елвир, кој во истиот миг го наполни послужавникот за некоја друга странка, а нам попатно ни ја донесе киселата вода. Старицата погледна нагоре, и негодувачки, нељубезно го гледа.

„А?"рече Елвир со отворена уста, онака смотан каков што е.

„А?" рече старата.

Но јас дури сега се загреав. Ќе бидам тука се додека снежи и денес сум жива книга. „Ви го давам тоа што го баравте," ѝ с'снав на старата.

„Еј, Елвир,"и со прстот покажувам кон соученикот кривоглед, „уште две дупли боровници, ајде, ајде, мрдни!" Се гледа дека е навикнат, бидејќи веднаш се стрча кон шанкот.

„А ти," се свртев кон старата, чија уста се претвори во постојнска јама, „има да слушаш сега како се чувствува човек, кој преживеал повеќе животи, а во секој од животите му се случува нонстоп да налетува на *добри луѓе,* кои постојано, весело го потценуваат под изговор на сопствената добрина."

Таа старата, дебело подголтнува, и конечно зуцна: „Но госпоѓице, јас немам време, за да..."

Ја прекинувам трескајќи со раката по маса. „ЗЕМИ СИ." И знам дека нема да се осмели да противречи, бидејќи силеџиите/само тој јазик го разбираат. И види пресврт, конечно и јас го говорам правиот јазик и тоа беспрекорно течно и се изненадувам од себе си и многу ми е пријатно.